

# Инфо ден

Локален младински совет
Свети Николе

# ИНФО ден

- Причини за инфо денот
- Запознавање со сите чекори за формирање на локален совет на млади:
  - Ќе ви помогне да се информирате.
  - Да се поддготвите.
  - Да земете активно учество.

# Од кои чекори се состои процесот

- 1 чекор **ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР**
- 2 чекор **ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ**
- 3 чекор **ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА МЛАДИ**

# 1 чекор ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

- О Д Л У К А за давање согласност за објавување на јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание за млади;
- ЈАВЕН ПОВИК за формирање Иницијативен одбор за конституирање Локално собрание за млади на Општина Свети Николе **(10 дена)**;
- Верификација на мандатите на членови на Иницијативен одбор за конституирање Локално собрание за млади на Општина Свети Николе.

# Клучни Елементи на јавниот повик ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

- Иницијативниот одбор ќе го сочинуваат 5 члена.;
- Членови на ИО можат да бидат млади лица (15-29 г.) номинирани од младински организации или друг тип младински структури од општина Свети;
- Членовите на иницијативните одбори ќе бидат континуирано вклучени во активностите за формирањето на локалниот младински совет, се до формирањето на Основачко локално собрание на млади (конститутивна седница на Локалното собрание за млади).

# Клучни Елементи на јавниот повик

- Улога и задачи на Иницијативниот одбор:
  - Поддршка на Општина Свети Николе во креирањето или ревидирањето на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на Локалниот младински совет,
  - Распишување јавен повик за Конститутивното Локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општина Свети Николе по принципот на јавност и транспарентност;
  - Соработка со Општина Свети Николе при организација и одржување на конститутивната седница на Локалното собрание за млади

# Клучни Елементи на јавниот повик ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

- **Критериумите за организациите** кои сакаат да номинираат свој претставник како член во иницијативниот одбор се следните:
  - Да се младински здруженија;
  - Организации за млади;
  - Подмладоци на политички партии;
  - Средношколски или студентски заедници/организации;
  - Спортски друштва;
  - Културно-уметнички друштва;
  - Други форми на здружување на млади, формални или неформални здруженија на млади;
  - Да се регистирани и/или делуваат на подрачјето на општина Свети Николе
  - Да имаат интерес за развој на младинското здружување на локално ниво;

# Клучни Елементи на јавниот повик ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

- **Критериуми кои треба да ги исполнуваат <u>младите лица</u> кои сакаат да се вклучат во иницијативниот одбор се:**
  - Да бидат жители на општина Свети Николе;
  - Да бидат на возраст од 15 – 29 години;
  - Да бидат креативни и способни за индивидуална тимска работа;
  - Да имаат интерес за унапредување на локални младински политики;
  - Да имаат интерес за развој на младинското здружување на локално ниво.

# Клучни Елементи на јавниот повик ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

- **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ:**
  - **Пријава за номинација за член во Иницијативен одбор (Прилог бр.1)**
  - Портфолио на организацијата/групата/здружението, (освен за политички подмладок)
  - Годишна Програма за работа
  - Извештај за работата на здружението за 2022 година или друг документ во кои се наведени реализираните активности со млади, младински политки и иницијативи во општината.
  - **Писмо за номинација за член во Иницијативен одбор и контакт-информации** (Прилог бр.1)
  - Кратко мотивационо писмо од страна на предложениот кандидат и кратка биографија
  - **Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице (Прилог бр.2)**
  - **Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата** (Прилог бр.3Да бидат жители на општина Свети Николе;
  - Да бидат на возраст од 15 – 29 години;

# Клучни Елементи на јавниот повик ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

- Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе, во рок од 7 дена по завршувањето на рокот за доставување на кандидатури по Јавниот повик, на седница на комисијата ја разгледува целосната документација и Доставува Предлог до Претседатлот на Советот кои им ги **верификува мандатите** на петте кандидати кои ги исполнуваат критериумите од овој Јавен повик.

- Резултатите за избрани членови на Иницијативниот одбор ќе бидат објавени на веб страната на Општина Свети Николе најдоцна седум дена по потпишувањето на решението за верификација.

- Мандатот на членовите на Иницијативен одбор конституирање Локално собрание за млади на Општина Свети  Николе трае до формирањето на Основачко локално собрание на млади (конститутивна седница на Локалното собрание за млади)

# Активности на ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР

- Иницијативниот одбор, по принципот на транспарентност и јавност, го распишува Јавниот повик за локално собрание за млади - номинирање на претставници од формите на организирање и здружување на младите за формирање на Локално Собрание за млади кој ќе биде објавен на официјалната веб-страна на Општина Свети Николе (**10дена);**

- Понатаму при изборот на делагати и заменик делагати на Локалното собрание за малди Иницијативниот одбор треба да се води од принципите на иклузивност и родова застапеност. (**7 дена – по завршување на Јавниот повик);**

- Избраните Делегати ќе бидат потврдени на предлог од ИО до Комисија, за верификација мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе;

- По спроведување на постапката по јавниот повик, на предлог на Комисијата, Претседатлот на Советот со Решение ке ги верифицира избраните делагати/заменик делагати на Локалното собрание за малди.

- Учествуво на Првата седница на Локалното собрание на млади каде му завршува мандатот на ИО

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

- Право на учество:
  - сите форми на организирање и здружување кои ги предвидува Законот за младинско учество и младински политики, а тоа се:
    - младинските организации,
    - организации за млади,
    - политички подмладоци,
    - ученички и студентски заедници/организации
    - Спортски друштва,
    - Културно-уметнички друштва, и други облици на младинско здружување.

Кои ќе ги исполнат следните критериуми:

• Да имаат активности на територијата на Општина Свети Николе;

• Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на повикот.

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

- Номинираните членови за локално собрание на млади кои ќе бидат номинирани за делегат/заменик делегат треба да се:
  - жители на општина Свети Николе
  - и да се на возраст од 15-29 години

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

- **Задача на Локалното Собрание за млади:**

Собранието на млади објавува јавен повик за членови на локален младински совет, и ги избира членовите на младинскиот совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

- **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**
  - **Пријава за номинација на делегат и заменик делегат поднесена од младинска организација (Прилог бр.1)**
  - Портфолио на организацијата/групата/здружението, (освен за политички подмладок)
  - Годишна Програма за работа
  - Извештај за работата на здружението за 2022 година или друг документ во кои се наведени реализираните активности со млади, младински политки и иницијативи во општината.
  - **Писмо за делегат и заменик делегат на локалното младинско собрание и контакт информации за истите (Прилог бр.1)**
  - Кратко мотивационо писмо од страна на предложениот делегат заменик делегатт и кратка биографија
  - **Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице (Прилог бр.2)**
  - **Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата (Прилог бр.3)**

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

**Постапка за разгледување на поднесените пријави:**

- Поднесените пријави ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади со цел избор на Локалниот младински совет при Општина Свети Николе, при изборот Иницијативниот одбор

- Избртреба да се водат од принципите на иклузивност и родова застапеност. аните Делегати ќе бидат потврдени со на предлог од ИО до Комисија, за верификација мандатни прашања, избори и именувања при Советот на Општина Свети Николе.

- По спроведување на постапката по јавниот повик, на предлог на Комисијата, Претседатлот на Советот со Решение ке ги верифицира избраните делагати/заменик делагати

# 2 чекор ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

**Констутивна седница на локално собрание за млади на Општина Свети Николе**

1. **Избор на записничар и Двајца заверувачи на Записник**
2. **Избор на трочлена комисија на млади, одговорна за следење на целокупниот процес за избор на членови на Локалниот младински совет**
3. **Усвојување на извештај на Верификационата комисија**
4. **Одлука за избор на Претседавач/ка**
5. **Избор на членови на комисија за Подготовка на Предлог Деловник за работа на Локалното собрание на млади на Општина Свети Николе**

# 2 чекор ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

**2- ра седница на локално собрание за млади на Општина Свети Николе**

1. **Усвојување на Записник од Конститутивната седница на Локалното собрание на млади на Општина Свети Николе;**
2. **Усвојување на Предлог-Деловник за работа на Локалното собрание на млади на Општина Свети Николе,**
3. **Одлука за распишување Јавен повик за Локален младински совет**

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

- Право на учество:
  - сите форми на организирање и здружување кои ги предвидува Законот за младинско учество и младински политики, а тоа се:
    - младинските организации,
    - организации за млади,
    - политички подмладоци,
    - ученички и студентски заедници/организации
    - Спортски друштва,
    - Културно-уметнички друштва, и други облици на младинско здружување.

Кои ќе ги исполнат следните критериуми:

• Да имаат активности на територијата на Општина Свети Николе;

• Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на повикот.

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

- **Номинираните членови** за Локланиот младински совет кои ќе бидат номинирани треба да се:
  - жители на општина Свети Николе
  - и да се на возраст од 15-29 години

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Улога и надлежности на Локалниот младински совет:**

- Локалниот младински совет има советодавна улога во Општината за прашања кои се однесуваат на младите во локалната заедница, и е важно тело за застапување на младите и нивните потреби и интереси. За успешно да ја извршува оваа улога членовите на ЛМС треба да имаат редовна комуникација со службеникот/чката за млади и Општината.

- **Улогата на Локалниот младински совет за Општината:**

– Да биде застапничко и советодавно тело за младински прашања и политики во Општината и да ги претставува интересите на сите млади од заедницата;
– Да предлага точки на дневен ред на Советот на Општината, кои ги засегаат младите за прашања поврзани со младите, според идентификуваните потреби и да предлага соодветни решенија;
– Да учествува или да биде консултиран во креирањето локални политики кои се значајни за младите од локалната заедница;
– Да го следи спроведувањето на локалните политики кои ги засегаат младите, да поднесува извештаи и предлози за подобрување на истите; Да ги извршува редовно и одговорно административните обврски кон Општината и да добие обука за истите како да ги извршува.

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**<u>ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ</u>**

- **Пријава за номинација на член поднесена од младинска организација (Прилог бр.1)**
- Портфолио на организацијата/групата/здружението, (освен за политички подмладок)
- Годишна Програма за работа
- Извештај за работата на здружението за 2022 година или друг документ во кои се наведени реализираните активности со млади, младински политки и иницијативи во општината.
- Писмо за кандидат на локалниот младински совет и контакт информации за истиот (Прилог бр.1)
- Кратко мотивационо писмо од страна на предложениот кандидат и кратка биографија
- Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице (Прилог бр.2)
- Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата (Прилог бр.3

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

- **Пријава за номинација на член поднесена од младинска организација (Прилог бр.1)**
- Портфолио на организацијата/групата/здружението, (освен за политички подмладок)
- Годишна Програма за работа
- Извештај за работата на здружението за 2022 година или друг документ во кои се наведени реализираните активности со млади, младински политки и иницијативи во општината.
- **Писмо за кандидат на локалниот младински совет и контакт информации за истиот (Прилог бр.1)**
- Кратко мотивационо писмо од страна на предложениот кандидат и кратка биографија
- **Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице (Прилог бр.2)**
- **Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата (Прилог бр.3)**

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Постапка за разгледување на поднесените пријави:**

- По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно советникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката на Собранието кои пак ја свикуваат комисиајта за верификација којашто подготвува извештај со конечна листа на кандидати за локален младиснки совет и свикува нова седница на Собранието;
- На седницата на Локалното собрание на млади се поканувaaт делегатите на Собранието и младите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет, а ги исполнуваат критериумите од повикот;
- Трочлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади (креирана за време на конститутивната седница) го следи процесот на избор на членови на Локалниот младински совет на Општината и треба да ги потврди мандатите на делегатите;
- Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Собранието, по што следува постапката на гласање;
- Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади со принцип на бодување од 5 до 1 бод;

# Клучни Елементи на јавниот повик за ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Постапка за разгледување на поднесените пријави:**

- За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола;
- По потврдениот избор, верификационата комисијата на Локалното собрание на млади изготвува извештај/записник со листа на избрани членови кој го усвојува Локалното собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општината за верификација на нивните мандати;
- При престанок на членство или при избор на нови членови, Локалното собрание на млади писмено го известува Советот на Општината за промената и истиот ја потврдува со писмено решение;
- Мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општината се верификуваат од страна на Советот на Општината по добиена одлука за избор од страна на Собранието на млади и истите се објавуваат во службените гласила на Општината;
- Членовите на Локалниот младински совет на Општината имаат мандат од две години со право на уште еден избор;
- Првата конститутивна седница на Локалниот совет на мади на Општина Свети Николе ќе ја свика Претседавачот на Локалното собрание за млади по верифицирање на мандатите на членовите од страна на Општината.

# 3 чекор ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Констутивна седница на локален младински совет на Општина Свети Николе**

- Локалниот младински совет на Општина Свети Николе ќе го сочинуваат **5** члена со избалансирана родова застапеност.
- **Првата конститутивна седница на Локалниот совет на млади на Општина Свети Николе** ќе ја свика **Претседавачот на Локалното собрание за млади** по верифицирање на мандатите на членовите.
- На констутивна седница на Локален младиснки совет на Општина Свети Николе следува:
  1. Избор на записничар;
  2. Избор на претседател/ка на ЛМС;
  3. Избор на заменик-претседател/ка на ЛМС;
  4. Усвојување на Предлог-Деловник за работа на ЛМС.

# Ви благодарам за вниманието Службеник за млади во Општина Свети Николе

Ивица Арсов

е-маил: ler@svetinikole.gov.mk

Адреса: Општина Свети Николе, ул. Плоштад Илинден бр.12,

2220 Свети Николе

Тел: 032 444 169 лок. 124